ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ: **2019-1-TR01-KA229- 074346_3**

# Coding with Outdoor games

„Кодирање на отворено “

Официјален пречек од страна на кординаторот и директорот на училиштето
Воведен состанок со наставниците од сите тимови од Турција, Литванија, Романија, Италија и Република Северна Македонија.



На првиот состанок имавме средба со родителите на учениците кои учат во училиштето со нив се разменија искуства за образовниот систем кај нив во Англија и во другите држави. Родителите беа заинтересирани како се реализира проектот Еразмус + и како учествуваат во него ученици.
По разговорите следеше прошетка низ училиштето со цел да се запознаеме со образовниот систем.
Потоа заедно со учениците бевме на прошетка на планината The sill каде набљудуваме еден наставен ден во природа. Учениците учеа за природата за составот на карпите и за животните кои живеаат во овој предел.





По наставата во природа бевме на посета на една од големите знаменитости во Англија Newcastle United stadium.



Работна сесија со учениците час на отворено. Активности со учениците посета на Музејот Бемиш кој е музеј на отворено лоциран во Бемиш, во близина на градот Стенли, во округот Дурам, Англија. Водечкиот принцип на музејот е да сочува пример на секојдневниот живот во урбаната и руралната Северо-источна Англија на врвот на индустријализацијата во почетокот на 20 век. Учениците се запознаа со сите обичаа од минатото и направија споредба со секојдневниот живот.

Голем дел од реставрацијата и толкувањето се специфични за доцните викторијански и едријански епохи, заедно со делови од село под влијание на индустриската револуција од 1825 година. На своите 300 хектари имот користи мешавина од транспортирани, оригинални и реплични згради , голема колекција на артефакти, работни возила и опрема, како и добиток и костуми толкувачи. Учениците беа водушевиени и овој час на отворено беше мошне интересен како за учениците така и за наставниците од сите земји патнери.




По завршување на работната сесија тимовите заедно со наставниците го посетивме големата атракција мостот на Тин, вклучително и Мостот Тајн и Мостот Милениум на Гејтсхед, со небото на Newcastle врз Тин во позадина, како што се гледа од Балтичката галерија.


T

Работна сесија посета на зоолошка градина

Учениците во зоолошката градина Нортмберленд, се запознаа со различни животни во Нортамберленд. Паркот во моментов имаше големина од околу 17 хектари за посетителите за да можат да истражуваат со над 50 видови на животни за да ги видат. За да го постигнеме ова, треба да докажеме дека имаме високи стандарди во сите работи зоолошката градина од сточарството до нашите напори за едукација и зачувување.

Учениците заедно со нивните наставници истражуваа сликаа и цртаа за тоа што го нучија. Во самиот парк  со учениците имавме  заеднички ручек во природа.






Посета на  Заливот Витли кој е е приморски град на северо-источниот брег на Англија.

Тука се запознавме со историјата на градот. Учениците се запознаа со Пристаништето Блит кое потекнува од 12 век.

Работна сесија со учениците настава во природа во местото Callaly. Посета на планината учениците истражуваа за живиот свет. Секоја група имаше за задача да истражува за птиците кои живееат во тој предел и  за растенијата. Учениците ги мерее дрвјата со нестандардни и стандардни мерки и водеа забелешки каде што ги запишуваа податоците.



По оваа посета бевме на посета на градот Alnwick кој е на јужниот брег на реката Алн, границата со Шкотска. Замокот Алнвик бил дом на најмоќното средновековно северно баронско семејство, Ерлс од Нортмберленд. Посета на најстарата библотека која е направена на железничка станица.



По посетата во училиштето се врше презентација на сите училиште и имаше средба со е twininng амбасадорот Иан кој ни го објаснуваше најлесниот начин на реализирање на проектите.





Прошетка низ градот Newcastel запознавање со нивните знаменитости.